ОПШТИНА ШТИП
MUNICIPALITY OF SHTIP

Општина Штип
Сектор за Инспекциски работи на Општина Штип

# Годишен план за работа на Сектор за Инспекциски Работи за 2024 година

| | | |
|---|---|---|
| Дел. Бр. | 24-8043/1 | Тоше Ѓорѓиевски |
| | | Раководител на сектор за инспекциски работи-Главен Инспектор |
| Датум: | 22.12.2023 | |
| Место: | Штип | (м.п.) [потпис] |

## РЕЗИМЕ

Заради планирање на работите од надлежност на Секторот за инспекциски работи на Општина Штип со цел постигнување на поголема ефикасност, економичност и ефективност во извршувањето на работните задачи, а согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ“ бр.109/2019 година изготвен е следниов Годишен план за работа.Раководителот на инспекциската служба донесува Годишен план за работата на инспекциската служба, односно Секторот за Инспекциски работи на општина Штип најдоцна до крајот на тековната година за наредната година, односно за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година, кој се објавува на веб страната на Општина Штип. Во Годишниот план се презентирани активностите на Секторот за Инспекциски работи на општина Штип кои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор во сите области на инспекцискиот надзор од надлежност на Општина Штип согласно со постоечката законска регулатива, како и евентуалните идни измени и дополнувања на поединечните законски и подзаконски акти. Анализа на ризици Заради спецификата на секоја инспекција во рамките на Секторот за Инспекциски работи на општина Штип анализата на ризици е дадена пооделно за секој вид на инспекција во делот “Инспекциски надзор” во годишниот план.

## АНАЛИЗА НА РИЗИЦИТЕ

При изготвувањето на Годишниот план за работа во Секторот за инспекциски работи односно планот на работа на секој инспектор, се прави анализа на ризик при одредување на приоритети за инспекциски надзор т.е. секој инспекциски надзор се заснива на проценка на ризик. Според степенот ризикот може да биде низо, среден и висок.

Согласно член 32 од Законот за инспекциски надзор, инспекциските служби организирани како организациони единици во единиците на локалната самоуправа не изработуваат Методологија за проценка на ризик. Согласно овој член, обврската за изработка на оваа методологија ја имаат државните инспекторати, па затоа истата ќе биде применувана и кај соодветните инспекциски служби во Општина Штип.

Доколку при реализацијата на Годишниот план за работа на Секторот за инспекциски работи се сменат одредени околности врз основа на кои е направена проценката на ризикот, ќе се земат во предвид при подготвувањето на месечните извештаи за работа на инспекторите.

При анализата на ризиците треба да се има во предвид тежината на штетните последици и веројатноста на случување на штетните последици.

При проценката на ризикот се врши идентификација на ризиците за заштитените добра, права и интереси, животна средина и здравјето на луѓето кои можат да се случат како последица од работата на субјектот на надзор .

Кога се мисли на тежината на штетните последици при идентификување на ризици се мисли на природата на штетните последици која произлегува од дејноста, производот и услугата која ја дава на субјектот на инспекциски надзор, како и веројатноста за повторивање по претходно утврдена состојба.

Изработката на Годишниот план за работа на Секторот за инспекциски работи се однесува на периодот 01.01.2024 година до 31.12.2024 година водејќи притоа сметка на платените отсуства.

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА РАКОВОДЕЊЕ

Организација и раководење Секторот за Инспекциски работи на општина Штип е организациона единица во рамките на администрацијата на општина Штип како посебна единица на локалната самоуправа. Секторот Инспекторат е раководен од Раководител на сектор по овластување од Градоначалникот. Во својот состав има 2 Одделенија и во двете Одделенија нема поставено раководители на одделенијата:

Согласно систематизацијата на општина Штип Секторот за инспекциски работи се состои од две одделенија и тоа:

- **Одделение за урбанистички, градежен надзор и надзор над сообраќај и патишта**:
    - **Овластен градежен инспектор**
    - **Овластен инспектор за патен сообраќај**
    - **Овластен инспектор за патишта**
    - **Советник за Управни работи и**
- **Одделение за друг вид на надзор од надлежност на општината:**
    - **Овластен просветен инспектор**
    - **Овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци на имот**
    - **Овластен инспектор за угостителска и туристичка дејност**
    - **Овластен инспектор за животна средина**
    - **Комунален инспектор**
    - **Овластен инспектор за домување**



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

Заради различните сфери на работа, Годишниот план за работа на Секторот како и анализата на ризиците и потребните обуки се изготвени и презентирани по Одделенија. Исто така и потребните услови за спроведување на Годишниот план се дадени по Одделенија, согласно со поединечните потреби, согледувањата и искуствата на Одделенијата од досегашното работење.

Покрај инспектори, потребно е да има и административни службеници: економисти, правници, ИТ инженери и сл. кои ќе бидат логистичка поддршка на Секторот, бидејќи во досегашната поставеност на Секторот имаше вработено само инспектори и раководители, но со донесување на новиот Закон за инспекциски надзор (Службен весник бр.102.2019) и обврските кои што тој ги налага, се јавува потребата и од друг логистички кадар. Исто така планирано е зголемување на бројот на општински инспектори во Секторот. Зголемување на бројот на инспектори се планира во:Комуналната инспекција,инспектор за патишта и сообраќај,инспектор за домување,инспектор за образование и инспектор за спорт,поради тоа што не се пополнети овие места согласно важечката систематизација на работните места во општина Штип. Како што е наведено во табелите подолу во текстот, сé со цел подобро и поефикасно спроведување на инспекциските надзори на целата територија на општина Штип. За реализација на Годишниот план ќе бидат изготвени шестмесечни извештаи во законски утврдени рокови.

Согласно работните задачи и обврски и согласно законските прописи на Република Северна Македонија за секој инспектор се изготвува план и програма за работа за тековната година како и месечни планови за работа и инспекторот поднесува извештај за реализација на програмата на почетокот од следната година.

Табела 1.1. Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| Вид | Инспектор за животна средина | | | | | | Инспектор за утврдување и наплата на даноци | | | | | | Инспектор за туризам и угостителство | | | | | | Комунален инспектор | | | | | | Инспектор за домување | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | . <30 г | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| Б2 – главен инспектор | | | 1 | | | 1 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | 1 | | | | | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | | 2 | | | | 2 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | | | | | | |
| Вкупно | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 0 | 2 |

Табела 1.2. Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор, по вид, возраст и звање

| Вид | Градежен инспектор | | | | | | Инспектор за патен сообраќај | | | | | | Инспектор за локални патишта и улици | | | | | | Вкупно инспектори | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-3 вање/Возраст | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | Вкупно |
| Б1 – генерален инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 |
| Б3 – пом. главен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 1 | 1 | | 2 | | | 1 | | | 1 | | 1 | | | | 1 | 0 | 2 | 5 | 1 | 1 | 9 |
| В2 – самостоен инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | | | | 0 | | | | | | 0 | | | | | | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 0 | 0 | 1 | 1 | 0 | 2 | 0 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 2 | 6 | 1 | 1 | 10 |

Табела 2.1. План за нови вработувања и пензионирање на инспектори

| Вид | Градежен инспектор | | | Инспектор за Животна средина | | | Комунален Инспектор | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В1 – советник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | 1 | 0 | 1 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 |
| Вкупно | | | 0 | | | 0 | | | 1 |

Табела 2.2.План за нови вработувања и пензионирања на инспектори

| Вид | Овластен просветен инспектор | | | Инспектор за Спорт | | | Инспектор за Домување | | | Инспектор за локални патишта и улици | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Ниво-Звање/Возраст | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика | Враб. | Пенз. | Разлика |
| Б1 – генерален инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2 – главен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3 – пом. глав. инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4 – виш инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1 – советник инспектор | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В2 – самостоен инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3 – помошник инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4 – помлад инспектор | | | 0 | | | 0 | | | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Вкупно | 1 | 0 | 1 | 1 | 0 | 1 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

- **ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ПО ОДДЕЛЕНИЈА**

Општина Штип

- **ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ,ГРАДЕЖЕН НАДЗОР ИНАДЗОР НАД СООБРАЌАЈОТ И ПАТИШТАТА**

- Овластен градежен инспектор -

Зоран Павловски

Весна Зенделова

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

**за работа на овластениот градежен инспектор за 2024 година**

Штип, декември 2023 година

Врз основа на член 130-б од Законот за градење_(„Сл.весник на РСМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14,149/14, 44/015; 129/015; ;217/15; 226/15; 30/16; 31/16; 39/16) и член 15.12 од Статутот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип, донесе

## ГОДИШНА ПРОГРАМА

### за работа на овластениот градежен инспектор за 2024 година

### В О В Е Д – ЗАКОНСКА РАМКА

Овластениот градежен инспектор при Општина Штип врши инспекциски надзор во согласност со законските прописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на изработката на проектната документација,издавањето на одобрение и решение за градење,градењето и надзор над градби од втора категорија, како што се:

- Закон за градење(„Сл.весник на РСМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14,149/14, 44/015; 129/015; ;217/15;226/15;30/16;31/16;39/16);
- Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.50/10, 161/10,147/13 и бр. 102/19 );
- Закон за општа управна постапка („Сл.весник на РСМ" бр..124/15);
- Закон за прекршоци („Сл.весник на РСМ" бр.62/06);
- Закон за постапување по преставки и предлози („Сл.весник на РСМ" бр.82/08 и 56/09)
- Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РСМ" бр.5/02 и 38/08);
- Закон за државни службеници („Сл.весник на РСМ" бр. 76/10, 167/10 и 36/11);
- Закон за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РСМ" бр.79/09).


*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

## 1. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР

- Овластениот градежен инспектор врши инспекциски надзор над законитоста при изработка на проектна документација за изработка на објекти од втора категорија, издавањето на одобрение и решение, градење и надзор над градби од втора категорија во Општина Штип, согласно позитивни законски прописи и општи акти на Република С.Македонија;

- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;

- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;

- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;

- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;

- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;

- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимавада да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;

- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;

- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;

- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## 2. АКТИВНОСТИ СО УТВРДЕНА ДИНАМИКА

Инспектор со цел да ги реализираат поставените целите на програмата должен е:

- **да врши редовен инспекциски надзор** и тоа на:
    - Градежни одобренија и Решенија издадени од Одделението за урбанизам,градежништво,станбени работи и заштита на животната средина.
      *Рок: континуирано јануари – декември;*
    - Објекти кои се градат со Одобрение за градење или со Решение за градење издадено од Одделението за урбанизам,градежништво,станбени работи и заштита на животната средина.
      *Рок: континуирано јануари – декември;*
    - Објекти кои се градат без Одобрение за градење или без Решение за градење издадено од Одделението за урбанизам,градежништво,станбени работи и заштита на животната средина.
      *Рок: континуирано јануари – декември;*
    - Правните субјекти кои ги изведуваат градежните работи
      *Рок: континуирано јануари-декември;*

- **да врши контролни инспекциски надзори:** ќе се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да врши вонреден инспекциски надзор** и тоа: по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица до градежниот инспектор за сторена повреда на Законот за градење при изведба на објект од втора категорија во Општина Штип.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да води управна постапка** и тоа: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија и заклучоци согласно одредбите од Законот за градење.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да спроведува постапки за порамнување** и тоа: секогаш кога ќе се согледаат неправилности согласно одредбите од Законот за градење.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за транспорт и врски** и тоа: согласно одредбите од Законот.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **да врши едукација** и тоа: согласно одредбите од Законот за градење.
  *Рок: континуирано по донесување на подзаконските акти од страна на Министерот за транспорт и врски.*
- **да поднесува жалби** и тоа: согласно одредбите од Законот за градење, Законот за управна постапка и Законот за прекршоци.
  *Рок: по потреба во текот на годината.*

- **Води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход**;
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

## 3. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

При вршењето на инспекцискиот надзор Овлстениот градежен инспектор ќе соработува со:

- Полициска станица при СВР Штип и тоа при редовниот инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за градење;

- Државен градежен инспекторат;

- Соработка со други органи и стручни установи при водењето на управната постапка.

## 4. АНАЛИТИЧКО – ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

- Изработка на месечни извештаи
  *(Рок: континуирано во тек на цела година)*
- Изработка на квартални извештаи согласно позитивните законски одредби и нивно објавување на WEB страницата на Општина Штип
  *(Рок: квартално во месеците април, јули, октомври и јануари)*
- Изработка на Годишен извештај за работата на Овластениот градежен инспектор за 2023 година.
  *(Рок на поднесување: 01. 03. 2024 год, )*
- Изработка на Предлог - Програма за работа на Овластениот градежен инспектор за 2025 година.
  *( Рок на поднесување: 15. 12. 2024 год, )*


*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail:* ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

## 5. ПЛАНИРАНО УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ И ДРУГИ ОБУКИ

- Работилници за нацрт-законот, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување, во организација на Министерство за транспорт и врски и ЗЕЛС;
- Стручни работилници за имплементација на одредбите од Законот за градење, посебно во делот на инспекцискиот надзор;
- Генерички и специјализирани обуки.

Општина Штип

**- ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ,ГРАДЕЖЕН НАДЗОР ИНАДЗОР НАД СООБРАЌАЈОТ И ПАТИШТАТА**

- Овластен инспектор за патен сообраќај –

Оливера Блажева

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

**за работа на овластениот инспектор за патен сообраќај во 2024 год.**

Штип, декември 2023 година



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

## **<u>В О В Е Д – ЗАКОНСКА РАМКА</u>**

Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта врши надзор во согласност со законските прописи и другите правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на вршењето на општинскиот превоз на патници, како што се:

- Закон за превоз во патниот сообраќај („Сл.весник на РСМ“ бр.68/04, 127/06, 114/09, 83/10, 140/10, 17/11, 53/11, 06/12, 23/13, 120/13, 163/13, 187/13, 42/14, 112/14, 166/14, 44/15, 97/15, 129/15, 192/15, 193/15, 37/16, 71/16, 140/18 и 163/18);

- Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ“ бр.50/10, 161/10 ,147/13 и бр. 102/19 );

- Закон за општа управна постапка („Сл.весник на РСМ“ бр.124/15);

- Закон за прекршоци („Сл.весник на РСМ“ бр.62/06 и 51/11);

- Закон за постапување по преставки и предлози („Сл.весник на РСМ“ бр.82/08 и 56/09)

- Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РСМ“ бр.5/02 и 38/08);

- Закон за меѓуопштинска соработка („Сл.весник на РСМ“ бр.79/09).

## 6. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ И ПАТИШТА

- Овластениот инспектор за патен сообраќај и патишта (во понатамошниот текст инспектор) врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на општинскиот превоз кој е во надлежност на Општина Штип, согласно позитивни законски прописи и општи акти на Република Северна Македонија;
- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;
- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;
- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;
- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;
- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекцискимерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што осебено се внимавада да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## 7. АКТИВНОСТИ СО УТВРДЕНА ДИНАМИКА

Инспектор со цел да ги реализираат поставените целите на програмата должен е:

- **<u>да врши редовен инспекциски надзор</u>** и тоа на:
  - превозниците кои вршат бесправен авто-такси превоз на патници со настојување за негова легализација
    *Рок: континуирано јануари – декември;*
  - превозниците кои вршат бесправен општински линиски превоз на патници
    *Рок: континуирано јануари – декември;*
  - превозниците кои вршат бесправен посебен линиски превоз на патници со настојување за негова легализација
    *Рок: континуирано јануари – декември;*
  - превозниците кои вршат општински линиски превоз на патници и тоа во поглед на исправноста на документите кои го следат превозот (лиценци, изводи од лиценци, дозволи за линии, почитување на возните редови)
    *Рок: квартално и тоа во месец март, јуни, септември, декември;*
  - превозниците кои вршат посебен линиски превоз на патници и тоа во поглед на исправноста на документите кои го следат превозот (лиценци, изводи од лиценци, дозволи, почитување на возните редови, договорот со списокот на патници
    *Рок: квартално и тоа во месец јануари, април, септември и декември;*
  - исполнување на посебно-техничко експлоатациони услови на возилата со кои се врши општински превоз на патници и авто-такси превоз на патници
    *Рок: втора половина на 2024 година;*

- **<u>да врши контролни инспекциски надзори:</u>** ќе се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **<u>да врши вонреден инспекциски надзор</u>** и тоа: по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, како и во случај на сомневање на инспекторот за сторена повреда на Законот за превоз во патниот сообраќај.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **<u>да води управна постапка</u>** и тоа: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија и заклучоци согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај .
  *Рок: континуирано јануари – декември.*



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
www.stip.gov.mk

- **<u>да спроведува постапки за порамнување</u>** и тоа: секогаш кога ќе се согледаат неправилности согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **<u>да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за транспорт и врски</u>** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај.
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

- **<u>да врши едукација</u>** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај.
  *Рок: континуирано по донесување на подзаконските акти од страна на Министерот за транспорт и врски.*
- **<u>да поднесува жалби</u>** и тоа: согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, Законот за општа управна постапка и Законот за прекршоци.
  *Рок: по потреба во текот на годината.*
- **<u>Води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход</u>**;
  *Рок: континуирано јануари – декември.*

## 8. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

При вршењето на инспекцискиот надзор Овлстениот инспектор за патен сообраќај ќе соработува со:

- Полициска станица за безбедност на сообраќајот на патиштата при СВР Штип и тоа при редовниот инспекциски надзор согласно одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај;

- Државен инспекторат за транспорт;

- Соработка со други органи и стручни установи при водењето на управната постапка.

## 9. АНАЛИТИЧКО – ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

- Изработка на месечни извештаи
  *(Рок: континуирано во тек на цела година)*
- Изработка на квартални извештаи согласно позитивните законски одредби и нивно објавување на WEB страницата на Општина Штип
  *(Рок: квартално во месеците април, јули, октомври 2024 и јануари 2025 година)*
- Изработка на Годишен извештај за работата на Овластениот инспектор за патен сообраќај за 2023 година.
  *(Рок на поднесување: 01. 03. 2024 год, )*


*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail:* ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

- Изработка на Предлог - Програма за работа на Овластениот Овластениот инспектор за патен сообраќај за 2025 година.
  *( Рок на поднесување: 15. 12. 2024 год, )*

## 10. ПЛАНИРАНО УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ И ДРУГИ ОБУКИ

- Работилници за нацрт-законот, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување, во организација на Министерство за транспорт и врски и ЗЕЛС;
- Стучни работилници за имплементација на одредбите од Законот за превоз во патниот сообраќај, посебно во делот на инспекцискиот надзор;
- Генерички обуки.

Општина Штип

# ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКИ,ГРАДЕЖЕН НАДЗОР ИНАДЗОР НАД СООБРАЌАЈОТ И ПАТИШТАТА

Овластен инспектор за локални патишта и улици
Сања Мијалкова Судиклиева

## ГОДИШНА ПРОГРАМА

За работа на Овластениот инспектор за локални патишта и улици за 2024 година

Штип, декември 2023 година

*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

## ВОВЕДНИ НАПОМЕНИ

Врз основа на член 15 од Законот за инспекциски надзор (Сл. весник на РСМ бр.50/10; 161/10; 157/11; 147/13; 41/14; 33/15; 53/16 и бр. 102/19 ), и член 68-а од Законот за јавните патишта ( Сл. весник на РСМ бр.84/08), Градоначалникот на општина Штип донесува годишна програма за работата на Овластениот инспектор за локални патишта и улици на општина Штип, најдоцна до 15 декември во тековната, за наредната година односно за периодот од 01.01.2024 до 31.12.2024 година.

Во годишната програма се презентирани активностите на инспекторот за локални патишта и улици, кои ќе бидат превземени со цел исполнување на законските надлежности за вршење на инспекциски надзор од надлежност на општина Штип, согласно со постоечката законска регулатива, како и евентуалните идни измени и дополнувања на поединечните законски и подзаконски акти.

За реализација на годишната програма ќе биде изготвен годишен извештај.

1. Инспекција за патишта

При утврдување на содржината на Програмата за работа за 2024 година на инспекторот за патишта и улици на општина Штип, се земени во предвид надлежностите на инспекторот за патишта утврдени со законските и подзаконските акти, односно:

- Законот за јавните патишта
- Законот за инспекциски надзор
- Законот за општина Штип
- Законот за општата управна постапка
- Законот за прекршоци
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените, кои ќе се донесат во 2024 година, а се во надлежност на инспекцијата за патишта.

Во Програмата, задачите и активностите што ќе ги извршува инспекторот за патишта на општина Штип во текот на 2024 година, се систематизираат по области и тоа:

- инспекциски надзор,
- аналитичко- информативна дејност,
- соработка со другите Одделенија и Сектори од општината и другите органи на државно и локално ниво,


*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail:* ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

- обуки и работни состанци, нормативна дејност и обуки за имплементација на материјалните закони.

## 1. 1. Инспекциски надзор:

Инспекцискиот надзор се врши како:
- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Активностите на инспекцијата за патишта ќе се извршуваат во текот на периодот јануари-декември 2024 година. Инспекциските контроли ќе се извршуваат самостојно или според потребите во координација со другите инспекциски одделенија на Секторот за инспекциски работи на општина Штип.

Во редовните активности на инспекцијата за патишта влегуваат:

1. Контрола на вертикалната сообраќајна сигнализација
   – ќе се извршува во текот на целата година,
2. Контрола на хоризонталната сообраќајна сигнализација
   – ќе се извршува во текот на целата година, а посебно во месеците мај, јуни, септември и октомври кога истата се обновува.
3. Контрола на светлосната сообраќајна сигнализација и нејзиното функционирање
   – ќе се извршува во текот на целата година.
4. Контрола на опремата на патиштата (заштитни столбчиња, одбојни огради, огради на мостови и надвозници), и одржување на разделното зеленило на булеварите во надлежност на општина Штип
   – ќе се извршува во текот на целата година.
5. Контрола на Одобренијата за локации за место за рекламирање (табли, билборди и слично), и контрола на терен дали истите се поставени според добиените Одобренија
   – ќе се извршува во текот на целата година.
6. За сите недостатоци констатирани на терен ќе се известуваат јавните претпријатија на општина Штип, надлежни за нивно одржување, да превземат соодветни мерки за отстранување на недостатоците во рамките на своите надлежности
   – ќе се извршува во текот на целата година.


*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
www.stip.gov.mk

7. Контрола на издадените дозволи за надолжни и напречни прекопи на патот, бушења на трупот на патот заради водење на водови за канализација, водови, гасоводи, топловоди, електро и други видови на водови – ќе се извршува во текот на целата година.

8. Контрола на лиценците за влечните служби на подрачјето на општина Штип
– ќе се извршува во текот на целата година.

9. Контрола на работите кои се изведуваат на патот или во близина на патот, а кои можат да ја доведат во прашање сигурноста на јавниот пат и безбедноста на сообраќајот
– ќе се извршува во текот на целата година.

10. Контрола на сообраќајните времени режими на територија на општина Штип
– ќе се извршува во текот на целата година.

За констатираните прекршоци инспекторот ќе изготвува Записници, ќе донесува Решенија во управавна постапка, Заклучоци за дозвола на извршување и поднесуваат Барања за поведување на прекршочна постапка. Извршувањето на заклучоците за дозвола на извршување донесени врз основа на решенија на инспекторот за патишта ќе ги извршува ЈП ,,Стипион 2011,, и ЈП ,,Исар,, уредено со Договор.

**1. 2. Обуки:**

Инспекторот за патишта на општина Штип ќе земе учество на семинари, предавања и едукации во врска со имплементација на одредбите од материјалните закони.

**1. 3. Аналитичко – информативна дејност:**

Инспекцијата за патишта на општина Штип врз основа на извршените инспекциски надзори во 2024 година ќе изготви:

- Годишен извештај за работата на Инспекцијата за патишта за 2024 година.

Рок: Март, 2025 година.

- Месечни планови за работа на Инспекцијата за патишта за 2024 година.

Рок: Континуирано, 2024 година

- Месечни извештаи за работата на Инспекцијата за патишта за 2024 година.

Рок: Континуирано, 2024 година

- Квартални извештаи за работата на Инспекцијата за патишта за 2024 година

Рок: Континуирано,2024 година

- Програма за работата на Инспекцијата за патишта за 2025 година.

Рок: Декември, 2024 година

### 1. 4. Соработка на Инспекцијата за патишта на Општина Штип:

Инспекцијата за патишта на Општина Штип во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите Одделенија во секторот и другите Сектори во Општина Штип, органите на државно ниво, јавните претпријатија и пред се граѓаните на Општина Штип.

Рок: По потреба во текот на годината.

### 1. 5. Нормативна дејност:

Инспекцискиот надзор ќе се врши на територијата на Општина Штип, со цел поефикасно следење на состојбите на конкретната територија.

За извршените инспекциски надзори Раководителот на Одделението изготвува месечен извештај, месечен оперативен план кои ги доставува до Раководителот на Сектор, како и квартален извештај кој се објавува на веб страната на Општина Штип.

## 1. 6. Средства потребни за извршување на инспекциските контроли

Инспекцијата за патишта при Секторот за инспекциски работи на Општина Штип ќе ја спроведе оваа Програма на територијата на Општина Штип со еден инспектор за патишта.

За спроведување на оваа програма потребни се материјално – технички и финансиски средства предвидени во Буџетот на Општина Штип и други услови и тоа:

- Возило потрбно за извршување на теренските активности.

Образложение:

Со изготвување на оваа Програма за работа на инспекцијата за патишта се предвидува превземање на мерки за спроведување на Законите, нормите и стандардите за одржување и заштита на Јавните патишта, како и кординација на органите, организациите и претпријатијата од областа на изградбата и одржувањето на патната мрежа со цел зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата.



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРУГ ВИД НА НАДЗОР ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА**

- Овластен просветен инспектор -

# ГОДИШНА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ОВЛАСТЕНИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР ЗА 2023 ГОДИНА

Штип, декември 2023 год.

*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail:* ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

## ВОВЕД

Донесувањето на Годишна програма за работа на овластениот просветен инспектор е законска обврска што е регулирана со член 15 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 52/05, 81/08,148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15 и 30/16 година).

Истата се остварува со оперативни месечни планирања на советникот - овластен просветен инспектор.

При утврдување на содржината на Годишната програма за работа на овластениот просветен инспектор за 2024 година се појде од надлежностите и организацијата на овластениот просветен инспектор утврдени со закон. Задачите и одговорностите на овластениот просветен инспектор предвидени со програмата за работа се систематизирани во следните области:

- инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на образованието од надлежност на општината;
- подготовка на акти и други материјали кои содржат предлози за градоначалникот и Советот на општината;
- изготвување на анализи на одредени состојби во општината, повремен и периодичен извештај за работата на овластениот просветен инспектор достапен за јавноста и извештај за напредокот во спроведувањето на неговата работа;
- обуки и работни состаноци со вработените во воспитно- образовните установи во Штип;
- соработка со органи и организации со цел подобрување на условите за работа на воспитно- образовните установи во Штип.

## 1. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА ЗА РАБОТА

Годишната програма за работа на овластениот просветен инспектор на Општина Штип за 2024 година е изработена согласно одредбите од:

- ***Закон за основното образование*** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12,24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, и 67/17) ;
- ***Закон за средното образование*** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 44/95, 24/96, 34/96, 35/97,82/99, 29/02,40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 13/05, 35/06,30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 16/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17);
- ***Закон за заштита на децата*** („Службен весник на РСМ", број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15 и 150/15).
- ***Закон за просветната инспекција*** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 52/05,81/08,148/09,57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14, 33/15, 145/15 и 30/16 );
- ***Закон за инспекциски надзор*** („Службен весник на РСМ", број 50/10, 161/10, 157/11, 147/13, 41/14, 33/15, 193/15, 53/16, 11/18, 83/18 и 120/18 и бр. 102/19);
- ***Закон за општа управна постапка*** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 38/05, 110/08, 51/11 и 124/15).
- ***Закон за прекршоци*** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 62/06, 51/11 година)
- ***Закон за организациja и работа на органите на Државната управа*** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 58/2000, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11)
- ***Закон за државни службеници*** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 59/2000, 112/2000, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03,



Општина Штип / Municipality of Stip
Vasil Glavinov, No 4b
2000 Stip, Macedonia
Tel/fax: ++389 32 226601
e-mail: ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

85/03, 17/04, 69/04, 81/05, 61/06, 36/07, 161/08, 06/09, 114/09, 35/10, 167/10, 36/11, 06/12, 24/12, 15/13, 82/13 9, 106/13, 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16, 11/18 )

- ***Закон за постапување по претставки и предлози*** („Службен весник на Република Северна Македонија" број 82/08 и 13/13).
- ***Подзаконски акти со кои се уредува работењето на овластениот просветен инспектор*** ( правилници, програми и др).

## 1. Надлежности на овластениот просветен инспектор

Согласно законски предвидените надлежности и поставените цели во Програмата овластениот просветен инспектор ги извршува следните надлежности:

- континуирано ги следи и применува прописите во врска со прашањата од областа во која што работи;
- врши надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на образованието од надлежност на општината, согласно закон над: условите и постапката за основање и престанок со работа на воспитно-образовните установи основани од општината, условите за работа на истите, запишување на учениците во нив, опфатот на учениците согласно реонизацијата на основните училишта, превозот, исхраната и сместувањето на учениците во воспитно-образовните установи, условите за избор на наставници и стручни соработници во истите, постапка за формирање на училишни органи во воспитно – образовните установи основани од страна на општината и контрола на нивните средства стекнати од сопствени извори на приходи;
- укажува на потребата од отстранување на констатираните недостатоци произлезени од примената на незаконски мерки или од повредата на законот и другите прописи;
- спречува спроведување на незаконски мерки, дејствија, работи и постапки во воспитно-образовните установи основани од општината;
- предлага поведување на дисциплинска постапка против вработените во воспитно-образовните установи основани од општината, односно градот Скопје;
- го известува советот на општина Штип за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот или здравјето на децата, учениците, студентите и на вработените во воспитно-образовниот процес.
- ги следи програмските содржини на образовниот процес во воспитно - образовните установи основани од општината;
- врши вонреден и контролен надзор врз основа на иницијатива од страна на ученици, родители, советот на родители, вработени во воспитно-образовна установа и други граѓани;
- организира едукативни работилници во соработка со воспитно-образовниот кадар.


*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

- континуирано го известува Градоначалникот на Општина Штип за наодите од извршениот инспекциски надзор;
- го известува Советот на општината за наодите од извршениот инспекциски надзор за случаите кога е потребно отстранување на повреди од таков карактер кои не трпат одлагање и го загрозуваат животот или здравјето на децата, учениците и на вработените во воспитно-образовниот процес.

Овластениот просветен инспектор на Општина Штип во текот на 2024 година ќе врши надзор над исполнетоста на образовните стандарди, обезбедувањето квалитет на образованието и, примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на воспитанието и образованието.

Овластениот просветен инспектор на Општина Штип во текот на 2024 година ќе врши инспекциски надзор во:

- **Општинските основни училишта,**
- **Општинските средни училишта;**
- **Општинските детски градинки**

Согласно надлежностите предвидени со закон, надзорот ќе се врши како:

- **Редовен надзор** – надзор согласно планираните активности на Годишната програма за работа на овластениот просветен инспектор на Општина Штип;

- **Вонреден надзор** – врз основа на иницијативи, претставки и предлози од страна на ученици, студенти, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовна установа и од други граѓани;

- **Контролен надзор** – се изведува по истекот на рокот определен од овластениот просветен инспектор за отстранување на недостатоците.

**Јануари, Февруари 2024 година**

- увид, учество и анализа во активностите на основните и средните училишта околу организацијата и реализацијата на активностите за подобрување на квалитетот на наставата;
- идентификување на состојбите и целокупната педагошка клима во основните и средните училишта во Општина Штип, согласно Законите за основното и средното образование.
- проценка на *работата на стручните активи* за подобрување на квалитетот на комуникацијата во училиштата;


*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail:* ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

- анализа на полугодишните извештаи за организација и реализација на наставата во првото полугодие;
- присуство на Наставнички совети или состаноци на училишните одбори во основните и средните училишта и управните одбори во детските градинки;
- консултативни средби со директорот и педагошката служба за подобрување на индикаторите за квалитетот на наставата во второто полугодие;
- консултативни средби со директорите за завршување на првото полугодие и договор со динамика на активностите за реализација на одделенски, класни и Наставничкиот совет и реализација на родителските средби;
- подготовки за екстерното проверување на учениците од четвртата година во средните училишта.

**Март, Април 2024 година**

- идентификување на подрачјата во кои може да се подобри квалитетот во воспитно-образовната работа во училиштето;
- дефинирање на приоритетите за подобрување на квалитетот на образованието во училиштето;
- оценка на состојбите од аспект на почитување на законитоста од страна на воспитно-образовните установи во општината;
- организирање на консултативни, советодавни средби со училишната комисија за полесно справување со интегралната инспекција;
- следење на активностите на училиштата поврзани со подготовка за учество во културни настани и натпревари, како од регионален така и од републички карактер.

**Мај, Јуни 2024 година**

- проценка и советодавна работа во примена на педагошката етика во училиштето во следните подрачја:
  - ✓ почитување на Уставот и законите на Република Македонија од страна на основните, средните училишта и детските градинки.
  - ✓ исполнување на наставните планови и програми;
  - ✓ организацијата и раководењето со училиштата;
  - ✓ проценка од страна на директорот и развојниот тим за реализација на поставените цели, задачи и активностите;
  - ✓ поттикнување на квалитетот на наставата и учењето;
  - ✓ опременост и употреба на ресурсите во наставата;
  - ✓ анализа на сопствени постигања и споредба со другите училишта;
  - ✓ развивање на воспитни и хигиенски навики кај учениците;
  - ✓ развивање на педагошка клима , култура и кодекс во училиштето;

- анализа на годишниот извештај за наставно-воспитната работа по Годишна програма за работа на училиштето.
- следење и вреднување на уписната политика во основните и средните општински училишта во месец мај за учебната 2024/2025 година.

**Јули, Август 2024 година**

- следење и вреднување на уписната политика во јули и август за учебната 2024/2025 година;
- проценка на исполнетоста на наставните планови и програми за учебната 2023/2024 година;
- следење на подготвувањето на годишните извештаи за работа на општинските основни и средни училишта и детските градинки за учебната 2023/2024 година и годишните програми за работа за 2024/2025 година
- следење на реализацијата на дефинираните приоритети на општинските воспитно-образовни установи за санација и реконструкција во летниот период.
- ориентационен преглед за пополнетост на работните места и норма на наставни часови за секој наставник до 10 јули, а конечен увид со целосни показатели до 31 август учебната 2024/2025 година;
- проценка на условите за исполнување на педагошките стандарди предвидени во Наставните планови и програми, позитивни законски прописи и подзаконски акти за остварување на дејноста во образованието;
- организација на еднодневен состанок со директорите на општинските основни и средни училишта за утврдување на потребите од наставен и ненаставен кадар за учебната 2024/2025 година;
- увид во стручно-педагошка екипираност на установите со квалификуван наставен кадар;
- проценка на условите и завршени активности пред почетокот на наставната година - учество и ангажираноста на Наставничкиот совет и Училишниот одбор во организација на активностите во училиштето;
- организација на еднодневна средба со стручните служби за изработка на Годишен извештај за 2023/2024 и Годишната програма за 2024/2025;
- изготвување и доставување на **Годишните извештаи за работата** на општинските основни и на средни училишта во учебната 2023/2024 година;
- Изготвување и доставување на **Годишните програми за работата на** општинските основни и средни училишта за учебната 2024/2025 година;

**Септември, Октомври 2024 година**

- собирање на констатации од процесот на запишување на учениците и правење на листи на незапишани ученици.
- согледување на опфатот на учениците согласно реонизацијата;
- спроведување на процес на едукација на незапишани ученици во општинските основни и средни училишта;



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
www.stip.gov.mk

- посети на сите општински училишта и градинки за почетокот на новата учебна 2024/2025 година;
- известување до сите директори за законските обврски во новата учебна година;
- известување до државниот просветен инспектор за спроведената едукација на незапишаните ученици;
- учество во акции
- прием на деца од основните училишта и детските градинки (посебни настани и празнувања).

**Ноември, Декември 2024 година**

- присуство на патрони празници, посета на училишта заради решавање на евентуални проблеми во настава;
- учество во активности поврзани со денот на ослободувањето на Штип;
- учество во проекти како претставник на Општина Штип во соработка со училиштата;
- активности поврзани со завршувањето на полугодието.

****

При вршењето на своите надлежности овластениот просветен инспектор на Општина Штип редовно ќе соработува со институциите од интерес за подобрување на квалитетот на наставата како што се : Министерство за образованието и наука, Биро за развој на образованието, Државен просветен инспекторат, Центарот за средното образование и обука, ЗЕЛС, акредитирани установи за образование, директорите или координаторите на Проектите кои се застапени во образованието и ќе организира работни средби со преставници на институциите од образовната дејност, директорите на основните и средните училишта, стручните служби, наставниците, учениците, родителите кои се од интерес за подобрување на квалитетот на образованието во Општина Штип

## 1. Вонреден инспекциски надзор

Овластениот просветен инспектор на Општина Штип ќе врши инспекциски надзор во 2024 година врз основа на поднесени претставки од страна на ученици, студенти, родители, совет на родители, вработени во воспитно-образовна установа и од други засегнати субјекти согласно Законот за постапување по претставки и предлози, Законот за просветната инспекција, Законот за инспекциски надзор и Законот за општата управна постапка.

## 2. Контролен инспекциски надзор

Контролен инспекциски надзор ќе се врши во сите воспитно - образовни установи во кои овластениот просветен инспектор има донесено решение во управна постапка по претходно извршен инспекциски надзор, со цел да се утврди дали мерките предвидени со решението се спроведени од страна на субјектите кои биле предмет на надзор.

Согласно закон, контролниот надзор ќе се изведува по истекот на рокот определен од инспекторот за отстранување на констатираните недостатоци.

Општина Штип

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРУГ ВИД НА НАДЗОР ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА**

- Овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци на имот -

Александар Југов

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

**за работа на Овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци на имот за 2024 година**

Штип, декември 2023 год.

*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
www.stip.gov.mk

Овластениот инспектор за данок на имот врши надзор во согласност со законските прописи и подзаконските акти со кои се регулирани прашањата од областа на данокот на имот, како што се:

- Закон за данок на имот "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 61/2004, 92/2007,102/2008, 35/2011,53/2011 и 84/2012
- Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.50/10, бр.161/10 бр.157/11; бр.147/13 и бр.102/19);
- Закон за општа управна постапка („Сл.весник на РСМ" бр.38/05, бр.110/08 и бр.51/11);
- Закон за прекршоци („Сл.весник на РСМ" бр.62/06 и бр.51/11);
- Закон за постапување по преставки и предлози („Сл.весник на РСМ" бр.82/08 и бр.13/13);
- Закон за државни службеници („Сл.весник на РСМ" бр.59/00, бр.112/00 бр.34/01, бр.103/01, бр.43/02, бр.98/02, бр.17/03, бр.40/03, бр.85/03 бр.17/04, бр.69/04, бр.81/05, бр.61/06, бр.36/07, бр.161/08, бр.6/09 бр.114/09, бр.1/10, бр.35/10, бр.167/10, бр.36/11, бр.6/12, бр.24/12, бр.15/13, бр.82/13, бр.106/13).

Во програмата, задачите и активностите што ќе ги извршува овластениот инспектор за данок на имот во текот на 2023 година се систематизираат по области и тоа: инспекциски надзор, обуки, аналитичко информативна дејност, соработка и нормативна дејност.

## 1. Инспекциски надзор

Инспекцискиот надзор врши по службена должност или по добиена пријава и/или сознание од страна на други на други државни и локални органи, организации, институции, правни и физички лица, како и средствата за јавно информирање.

Овластениот инспектор за данок на имот врши инспекциски надзор над субјекти предвидени со Законот за данок на имот во секое време и на лице место кај: стамбени и деловни објекти согласно одредбите од овој закон и подзаконските акти од истиот.

Доколку со друг закон не е поинаку уредено, инспекцискиот надзор Овластениот инспектор за данок на имот го врши како:

- редовен,
- контролен
- вонреден инпекциски надзор



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
www.stip.gov.mk

**Редовниот** инспекциски надзор е најавен надзор кој се врши врз основа на програмата за работа на инспекциската службаи опфаќа надзор над спроведување на законите и прописите донесени врз основа на законите .

**Контролен** инспекциски надзор се врши по истекот на рокот определен во инспекцискиот акт донесен од страна на инспекторот, при што инспекторот при утврдување на фактичката состојбаќе контатира дека субјектот на надзорот постапил:

- по инспекцискиот акт во целост
- делумно постапил по инспекцискиот акт
- не постапил по инспекцискиот акт

**Вонредниот** инспекциски надзор е ненајавен надзор и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички или правни лица, како и во случај на сомневање на инспекторот (по службена должност).

Данок на имот се плаќа на недвижен имот, освен за имот кој е ослободен од плаќање на данок според овој закон.

Инпекциски надзор врши над објектите предвидени со Закон за данок на имот, на правните и физички лица, а при тоа посебно внимание се дава на :

- Контрола на пропишаните норми и стандарди за данок на имот
- Контрола на документација поврзана со имотот на објектите
- Контрола на закупничките односи
- Контрола над утврдување на наплатата на даноците на имот
- Контрола на состојбата и вредноста на недвижниот имот
- Увид во сите делови на објектот и околу објектот и др.
- Утврдување на даночен обврзник
- Утврдувања на даночни ослободувања и олеснувања

**2. Обука**

Овластениот инспектор за данок на имот ќе посетува и учествува на семинари, предавања и едукации во врска со инплементацијата на одредбите од законите кои им ја уредуваат оваа материја, организрани од државни и локални органи, како и владини и невладини организации, здруженија итн.

**3. Аналитичко информативна дејност**

Овластениот инспектор за данок на имот на Општина Штип согласно со Програмата, а врз основа на законските надлежности ќе изготви

- Месечни оперативни планови за работа
- Неделни, месечни, квартални и годишен извештај за работа

**Рок: континуирано во 2024 година**


*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail:* ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

- Годишна програма за работа на инспекторот за 2025 година
  **Рок: декември 2024 година**

- Годишен извештај за извршена работа на инспкцијата за данок на имот во 2023 година
  **Рок: февруари 2024 година**

## 4. Соработка

Овластениот инспектор за данок на имот во рамки на своите овластувања и надлежности утврдени со закон, континуирано ќе соработуваат со сите одделенија во Секторот, другите сектори во Општината, органите на државно и локално ниво, и пред се граѓаните на Општина Штип.

## 5.Нормативна дејност

Овластениот инспектор за данок на имот, по потреба ќе учествува во активности за изменување и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законите и подзаконските акти во интерес на граѓаните на Општина Штип.

## 6. Образложение

Со изготвување на оваа Програма за работа на инспекцијата за данок на имот на Општина Штип во 2024 година се предвидува превземање мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на данок на имот и подобрувањето на урбаните и руралните услови за живот, на граѓаните во Општината.

Општина Штип

# ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРУГ ВИД НА НАДЗОР ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

Овластен инспектор за угостителска и туристичка дејност

Лазо Богатинов

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

за работа на овластен инспектор за угостителска и

туристичка дејност во 2024 година

Штип, декември 2023 година

*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

Работните активности на овластениот инспектор за угостителска и туристичка дејност во текот на 2024 година ќе се засниваат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски прописи :

**1.**Закон за Угостителската дејност (Сл. Весник на Р.С.М. бр. 62/2004, 89/2008, 115/2010, 53/2011, 141/2012, 164/2013, 187/2013, 166/2014, 199/2014, 129/2015, 192/2015, 39/2016, 53/2016, 71/2016.)

**2.** Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.50/10, бр.161/10 бр.157/11; бр.147/13 и бр.102/19);

**3.** Закон за Туристичката дејност (Сл.Весник на Р.С.М. 62/2004,89/2008, 12/2009, 17/2011, 47/2011, 53/2011, 123/2012, 164/2013, 27/2014, 116/2015, 192/2015, 53/2016)

Инспекторот врши инспекциски надзор над примената на овие закони и прописите донесени врз основа на овие закони.

**Организација:**

Овластениот инспектор за угостителска и туристичка дејност е во состав на Одделението за за друг вид на надзор од надлежност на Општината.

## 1. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОВЛАСТЕНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА УГОСТИТЕЛСКА И ТУРИСТИЧКА ДЕЈНОСТ

Главна активност на овластениот инспектор за угостителка и туристичка дејност е да се спроведат контроли на туристичките и угостителски е објекти согласно законските прописи. Тоа се три типа активности:

- **превентивни**;
- **казнени** и
- **ремедијативни.**

Инспекцискиот надзор се врши како:

- **редовен**,

- **контролен и**

**- вонреден.**

*Редовни инспекциски надзори* се вршат над примената на одредбите од законите од областа на угостителството и туризамот.

**Рок: Јануари-Декември 2024 година.**

*Контролни инспекциски надзори* ќе се вршат заради остварување увид во извршувањето на решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор.

**Рок: Јануари-Декември 2024 година.**

***Вонредниот инспекциски надзор*** е ненајавен и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, физички лица или правни лица како и по службена должност.

**Рок: Јануари-Декември 2024 година.**

## 3. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО

Овластенит инспектор за угостителска и туристичка дејност учествува со стручни мислења по предлог закони и предлог подзаконски акти, ставови и извештаи за останати општински институции и други организации, а остварува и тесна и континуирана соработка со Државните инспектори за угостителска и туристичка дејност и други авторитети на централно и локално ниво. Инспекторот обезбедува пристап на информациите за угостителската и туристичката дејност до јавноста, согласно законската рамка навреме и



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail:* ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

целосно. Ваквата соработка инспекторот ќе ја остварува и со Државните инспекторати и другите облици на инспекциски служби на централно и локално ниво. Во рамките на ваквата соработка, по потреба ќе се организираат активности за заедничко делување и обуки - преку координирани инспекциски надзори и отстранување на негативните состојби и слабости во работењето на органите, се со цел за доследна примена на одредбите од Законите од угостителската и туристичката дејност и другите материјалните закони од соодветната област.

**Рок: континуирано во текот на 2024 година.**

Во текот на 2024 година ќе се одржуваат континуирано колегиуми на вработените во Одделението за за друг вид на надзор од надлежност на Општината

Согласно законската легислатива која е наведена во Годишниот План за работа на овластенит инспектор за угостителка и туристичка дејност на Општина Штип за 2024 година инспекцискиот надзор ќе се извршува на:

- конфекционирани угостителски услуги во наменски подвижни објекти;
- угостителски услуги за сместување и исхрана во куќи;
- угостителски услуги во апартмани и соби за одмор;
- угостителски услуги во селски домаќинства;
- исполнувањето на условите и начинот на вршењето на туристичката дејност на туристичкиот водич и туристичкиот придружник;
- вршењето на работите од страна на туристичкото биро и
- исполнувањето на условите за селски и етно-туризам.



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

Општина Штип

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРУГ ВИД НА НАДЗОР ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА**

\- Општински инспектор за животна средина -

Влатко Панов

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

**за работа на општинскиот инспектор за животна средина**

**во 2024 година**

Штип, декември 2023 год.



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

## **<u>В О В Е Д – ЗАКОНСКА РАМКА</u>**

Овластениот инспектор за животна средина врши надзор во согласност со законските прописи и подзаконските акти со кои се регулирани прашањата од областа на животна средина , како што се:

- Закон за животна средина Службен весник на Република Северна Македонија бр 53/2005г. бр.81/2005г. бр.24/2007 бр. 159/2008г. бр.83/2009 бр.48/2010 г. бр.124/2010 година. бр.51/2011 година и бр.123/2012 година

- Закон за управување со отпад („Сл.весник на РСМ" бр.68/04, бр.71/04, бр.107/07, бр.102/08, бр.134/08, бр.09/11: бр.123/2012 и бр.216/21 )

- Закон за управување со пакување и отпад од пакување („Сл.весник на РСМ" бр.161/09, бр.17/11, бр.47/11, бр.136/11 и бр.6/2012 година)

- Закон за заштита од бучава („Сл.весник на РСМ" бр.79/07, бр.124/10 и бр.47/11 год.)

- Закон за квалитет на амбиенталниот воздух („Сл.весник на РСМ" бр.67/04, бр.92/07, бр.35/10, 47/11 и бр.100/2012 год.)

- Закон за води („Сл.весник на РСМ" бр.87/08, бр.6/09, бр.161/09, бр.83/10, бр.51/11 и бр.44/2012 год. )

- Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.50/10, бр.161/10 и бр.157/11,бр.102/19);

- Закон за инспекциски надзор во животната средина („Сл.Весник на РСМ" бр99/22)

- Закон за општа управна постапка („Сл.весник на РСМ" бр.38/05, 110/08 и бр.51/11:бр.124/15);

- Закон за прекршоци („Сл.весник на РСМ" бр.62/06:бр.96/19);

- Закон за постапување по преставки и предлози („Сл.весник на РСМ" бр.82/08 и 56/09)

- Закон за локална самоуправа („Сл.весник на РСМ" бр.5/02 и 38/08);

- Закон за државни службеници („Сл.весник на РСМ" бр.54/00, 112/00, 34/01, 103/01, 43/02, 98/02, 17/03, 40/03, 85,03, 17/04, 69/04, 81/05, 108/05, 61/06, 31/07, 161/08, 6/09, 114/09, 35/10 и 76/10);

## 11. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ЖИВОТНА СЕДИНА

- Овластениот инспектор за животна средина (во понатамошниот текст инспектор) врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на Животна средина, управувањето со отпад, од област на заштита од бучава, од областа за квалитет на амбиенталниот воздух и областа на води, кои се во надлежност на Општина Штип, согласно позитивни законски прописи и општи акти на Република С.Македонија;

- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел за остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;

- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква, законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;

- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;

- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;

- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;

- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## 12. АКТИВНОСТИ СО УТВРДЕНА ДИНАМИКА

Инспектор со цел да ги реализираат поставените цели на програмата должен е:

- **да врши редовен инспекциски надзор** и тоа на:
    - Инсталациите кои имаат добиено Б – интегрирани еколошки дозволи, кои се во постапка за добивање на Б интегрирани еколошки дозволи и инсталации кои имаат добивано Дозволи за усогласување со Оперативен План за нивно завршување.

    *Рок: континуирано јануари – декември-цела година;*

    - Согласно планот за инспекциски надзор во кој е утврдена дианамиката на надзорот (редовен, вонреден и контролен)
    - Инсталациите кои имаат решенија за одобрен елаборат за заштита на животна средина (член 24 од Законот за животна средина) и на инсталациите кои треба да доставаат на одобрување елаборат за заштита на животна средина до Градоначалникот на Општината.



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail:* ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

*Рок: континуирано јануари – декември;*

- Согласно планот за инспекциски надзор во кој е утврдена дианамиката на надзорот

➢ **<u>да врши контролни инспекциски надзори:</u>** ќе се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

➢ **<u>да врши вонреден инспекциски надзор</u>** и тоа: по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за животна средина и другите закони по кои постапува Овластениот инспектор за животна средина како и подзаконските акти кои произлегуваат од законите по кои постапува Овластениот инспектор за животна средина.

➢ **<u>да врши инспекциски надзор</u>** и тоа: по испратен работен налог од Инспекторатот при Министерство за животна средина и просторно планирање, како и соработка и координација со Државниот инспекторат за животна средина

➢ **<u>да води управна постапка</u>** и тоа: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија и заклучоци согласно одредбите од Законот за животна средина и другите закони по кои постапува Овластениот инспектор за животна средина како и Закон за инспекциски надзор.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

➢ **<u>да спроведува постапки за порамнување</u>** и тоа: секогаш кога ќе се согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за животна средина, Закон за управување со отпад, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитет на амбиенталниот воздух , Закон за води и Закон за пакување и отпад од пакување по кои постапува Овластенито инспектор за животна средина.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

➢ **<u>да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд или прекршочен орган во Министерството за животна средина и просторно планирање</u>** и тоа: согласно одредбите од Законот за животна средина, Закон за управување со отпад, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитет на


Општина Штип / Municipality of Stip
Vasil Glavinov, No 4b
2000 Stip, Macedonia
Tel/fax: ++389 32 226601
e-mail: ops@stip.gov.mk
www.stip.gov.mk

амбиенталниот воздух , Закон за води и Закон за пакување и отпад од пакување.

*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **<u>да врши едукација</u>** и тоа: согласно одредбите од Закон за животна средина, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитет на амбиенталниот воздух , Закон за води и Закон за пакување и отпад од пакување, особено во делот на Бизнис секторот за упознавање на операторите со Уредбите од Законот за животна средина (Б-дозволи и ОВЖС-елаборати)

*Рок: континуирано јануари – декември.*

- **<u>поднесува жалби</u>** и тоа: согласно одредбите Закон за животна средина, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитет на амбиенталниот воздух , Закон за води и Закон за пакување и отпад од пакување, Законот за општа управна постапка и Законот за прекршоци.

*Рок: по потреба во текот на годината.*

- **<u>Води евиденција за покренатите постапки за порамнување и за нивниот исход</u>**;

*Рок: континуирано јануари – декември.*

## 13. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ОРГАНИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

**14. При вршењето на инспекцискиот надзор Овластениот инспектор за животна средина ќе соработува со:**

- Министерство за животна средина и просторно планирање - Скопје;
- Соработка со Инспекциски Совет во Скопје
- Сектор за внатрешни работи-СВР Штип
- ЕКО-Клубови за третман на медицински отпад
- Соработка со пазарна и трудова инспекција
- Соработка со здравствените установи во Општината
- Комуналното претпријатие на ниво на Општина



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

- Лиценцирани лабаратории за анализа на полутанти во различна форма на медиуми како што се (вода,воздух,почва)
- Невладини организации и медиуми
- Соработка со други органи и стручни установи при водењето на управната постапка.
- Соработка со бизнис секторот за Уредбите во Законот за животна средина

## 15. АНАЛИТИЧКО – ИНФОРМАТИВНА ДЕЈНОСТ

- Изработка на Годишен извештај за работата на Овластениот инспектор за животна средина за 2023 година до Министерството за животна средина и просторно планирање поточно до Инспекторатот.
  *(Рок на поднесување: најдоцна до 15.01.2024. )*
- Изработка на План за инспекциски надзор на Овластениот инспектор за животна средина за 2025 година до Министерството за животна средина и просторно планирање поточно до Инспекторатот.
  *(Рок на поднесување: најдоцна до 15.01.2024. )*
- Изработка на Предлог - Програма за работа на Овластениот инспектор за животна средина за 2025 година до Градоначалникот на Општина Штип.
  *( Рок на поднесување: 10.12. 2024 год, )*

## 16. ПЛАНИРАНО УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ И ДРУГИ ОБУКИ

- Работилници за нацрт-закон, правилници и други подзаконски акти во постапка за донесување, во организавија на Министерство за животна средина и просторно планирање и ЗЕЛС;
- Стучни работилници, обуки, конференции за имплементација на одредбите од Закон за животна средина, Закон за отпад, Закон за заштита од бучава, Закон за квалитет на амбиенталниот воздух , Закон за води и Закон за пакување и отпад од пакување, како и по донесените поздзаконски акти од споменатите закони посебно во делот на инспекцискиот надзор;

Општина Штип

# ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРУГ ВИД НА НАДЗОР ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА

- Општински комунален инспектор -

Борче Везенков

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

за работа на комуналната инспекција

во 2024 година

Штип,декември 2023 година


*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

Работните активности на општинскиот комунален инспектор во текот на 2024 година ќе се заснивaат на вршење на инспекциски надзор над примената на следните законски прописи :

**1.**Закон за комунални дејности (Сл. Весник на Р.С.М. бр.95/12,163/13, 42/14, 44/15)

**2.** Закон за јавната чистота, (Сл.Весник на Р.С.М.бр.111/08, 64/09, 88/10, 114/10, 23/2011, 47/2012, 80/2012, 163/13, 44/15, 147/15, 31/16) ;

**3.** Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води (С.Весник на Р.С.М.бр.68/2004, 28/2006, 16/2007, 103/2008, 17/2011, 54/2011, 163/2013, 10/2015, 147/2015 и 31/2016);

**4.**Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти (Сл.Весник на Р.С.М.бр.66/2006) и Закон за изменување и дополнување на Законот за определување на имиња на улици,плоштади,мостови и на други инфраструктурни објекти(Сл.весник на РМ бр.55/2007);

**5.**Закон за гробишта и погребални услуги (Сл.весник на РСМ бр.86/2008) и Закон за изменување и дополнување на Законот за гробишта и погребални услуги (Сл.весник на РМ бр.156/2010и53/2011);

**6.**Закон за управување со пакување и отпад од пакување (Сл.весник на РСМ бр.161/09); Закон за изменување и дополнување на Законот за управување со пакување И отпад од пакување (Сл.Весник на Р.М.бр.17/2011г. и 44/2011);

**7.**Закон за урбано зеленило (Сл.весник на РСМ бр.11/2018);

**8.**Одлука за комунален ред на Општина Штип (Сл.гласник на Општина Штип бр.16/13);

**9.**Одлука за одржување на јавна чистота во Општина Штип (Сл.гласник на Општина Штип бр.11/08).

**10.**Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.50/10, бр.161/10

бр.157/11; бр.147/13 и бр.102/19);

Инспекторот врши инспекциски надзор над примената на овие закони и прописите донесени врз основа на овие закони на јавни површини и на отворени простори на јавни објекти, на даватели на услуги кои се од јавен интерес од локално значење на општината Штип согласно со закон.

**Организација:**

Комуналниот инспектор е во состав на Одделението за за друг вид на надзор од надлежност на Општината. Во неговиот состав работи еден комунален инспектор.

## 2. ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА КОМУНАЛНИОТ ИНСПЕКТОР

Главна активност на комуналниот инспектор е да спроведе **проверки, истраги и ревизии на локациите**. Тие се три типа активности:

- **превентивни**;

- **казнени** и

- **ремедијативни.**

Инспекцискиот надзор се врши како:

- **редовен**,

- **контролен и**

- **вонреден.**

*Редовни инспекциски надзори* се вршат над примената на одредбите од законите одобласта на комуналните дејности, одлуката за комунален ред и извршувањето на програмата на јавните пртпријатија.

**Рок: Јануари-Декември 2024 година.**



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

*Контролни инспекциски надзори* ќе се вршат заради остварување увид воизвршувањето на решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоцитеутврдени при редовниот инспекциски надзор.

**Рок: Јануари-Декември 2024 година.**

***Вонредниот инспекциски надзор*** е ненајавен и се врши врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, и физички лица или правни лица како и по службена должност.

**Рок: Јануари-Декември 2024 година.**

## 3. СОРАБОТКА СО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИ НА ЦЕНТРАЛНО И ЛОКАЛНО НИВО

Комуналниот инспектор учествува со стручни мислења попредлог закони и предлог подзаконски акти, ставови и извештаи за останати општинскиинституции и други организации, а остварува и тесна и континуирана соработка со Здружението на комунални инспектори на Република Македонија, Полицијата, Наставните институции при општина Штип и др. авторитети на централно илокално ниво. Инспекторатот обезбедува пристап на информациите за комунални дејности до јавноста, согласно законската рамка навреме и целосно. Ваквата соработка, Инспекторатот ќе ја остварува и со Државните инспекторати и другите облици на инспекциски служби на централно и локално ниво пред се со Комуналните инспектори при општините ви РМ, кои се надлежни за вршење на инспекциски надзор. Во рамките на ваквата соработка, по потреба ќе се организираат активности за заедничко делување и обуки - преку координирани инспекциски надзори и отстранување на негативните состојби и слабости во работењето на органите, се со цел за доследна примена на одредбите од Законите од комуналната сфера и другите материјалните закони од соодветната област.

**Рок: континуирано во текот на 2024 година.**

Во текот на 2024 година ќе се одржуваат континуирано колегиуми на вработените во Одделението за задруг вид на надзор од надлежност на Општината

Согласно Одлуката за комунален ред на Општина Штип и законската легислатива која е наведена во Годишниот План за работа на комуналните инспектори на општина Штип за 2024 година инспекцискиот надзор ќе се извршува на:

1. Одржување на јавната чистота на јавни и сообраќајни површини (миење и метење на јавни површини како и чистење на снег во зимски услови согласно со Годишна Програма за одржување на јавна чистота на давател на услуга ЈП Исар);
2. Расчистување на снег пред деловни објекти,пред индивидуални и колективни стамбени згради(правни и физички лица);
3. Одржување и поставување на комунални уреди и опремасогласно со Годишна Програма за комунални дејности;
4. одржување на јавно зеленило и паркови површини согласно со Годишна Програма за одржување на јавно зеленило и паркови површини(на давател на услуга –ЈП Исар;
5. Одржување на на јавни површини на отворени простори согласно со годишна Програма за одржување на јавна чистота(правни и физички лица);
6. Одржување на рекатаОтиња;
7. Одржување на водоснабдителниот систем на вода за пиење од страна на давателот на услугата ЈП Исар;
8. Одржување на канализациониот систам за прифаќање на фекални и атмосферски отпадни води од страна на давателот на услугата ЈП Исар како и заштита од други правни и физички лица;
9. Испуштање на отпадни води од правни физички лица;
10. управување и одржување на градски гробишта на давател на услуга ЈП Исар;
11. Вршење на погребални услуги на правни лица со добиена дозвола за вршење на погребални услуги;
12. Постапка при заловување и ерадикација на животни скитници;
13. Одржување на Градските пазари од страна на ЈП Исар како давател на услугата;
14. Инспекциски надзор на правни и физички лица како корисници на комуналните услуги;
15. Инспекциски надзор на поставување на табли со куќен број на објекти и поставување на табли со имињана улици кај правни и физичи лица;
16. Инспекциски надзор на неконтролирано оставање, фрлање, напуштање, спалување на отпадот и расчистување на диви депонии.

Општина Штип

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ДРУГ ВИД НА НАДЗОР ОД НАДЛЕЖНОСТ НА ОПШТИНАТА**

- Овластен инспектор за домување -

Маријана Зенделова

Ана Давиткова

# ГОДИШНА ПРОГРАМА

за работа на овластениот инспектор за домување

во 2024 година

Штип,декември 2023 година

## В О В Е Д – ЗАКОНСКА РАМКА

Овластениот инспектор за домување врши надзор во согласност со законските прописи и подзаконските акти со кои се регулирани прашањата од областа на домувањето, како што се:

- Закон за домување („Сл.весник на РСМ" бр.99/09, бр.57/10, бр.36/11 бр.54/11, бр.13/12, бр.55/13 и бр.163/13);
- Закон за инспекциски надзор („Сл.весник на РСМ" бр.50/10, бр.161/10 бр.157/11;бр.147/13 и бр.102/19);
- Закон за општа управна постапка („Сл.весник на РСМ" бр.38/05, бр.110/08 и бр.51/11);
- Закон за прекршоци („Сл.весник на РСМ" бр.62/06 и бр.51/11);
- Закон за постапување по преставки и предлози („Сл.весник на РСМ" бр.82/08 и бр.13/13);
- Закон за државни службеници („Сл.весник на РСМ" бр.59/00, бр.112/00 бр.34/01, бр.103/01, бр.43/02, бр.98/02, бр.17/03, бр.40/03, бр.85/03 бр.17/04, бр.69/04, бр.81/05, бр.61/06, бр.36/07, бр.161/08, бр.6/09 бр.114/09, бр.1/10, бр.35/10, бр.167/10, бр.36/11, бр.6/12, бр.24/12, бр.15/13, бр.82/13, бр.106/13).

## 1. ЦЕЛИ И НАЧЕЛА НА ДЕЛУВАЊЕ НА ОВЛАСТЕНИОТ ИНСПЕКТОР ЗА ДОМУВАЊЕ

- Овластениот инспектор за домување (*во понатамошниот текст* инспектор), врши инспекциски надзор над законитоста на вршењето на работите од областа на домувањето, односно надзор над станбените, станбено-деловните и деловно-станбените згради, дали управувањето со истите се врши согласно законот за домување и прописите донесени врз основа на овој закон, дали се почитуваат пропишаните норми и стандарди за домување и дали се уредени закупничките односи согласно Законот за домување, а во согласност со другите законски прописи и општи акти на Р. Северна Македонија;
- Инспекторот го врши инспекцискиот надзор со цел остварување и заштита на јавниот интерес, како и интересот на физичките и правните лица кога тоа е во согласност со јавниот интерес;

- Инспекторот во вршењето на инспекцискиот надзор обезбедува еднаква законита, непристрасна и објективна примена на законите и другите прописи;
- Навремено, економично, и ефикасно остварување на правата и интересите на граѓаните и другите учесници во управната постапка во решавањето на управните работи;
- Постапување во пропишаните рокови во првостепената и второстепената постапка, како и во роковите определени со судските органи;
- Инспекторот е самостоен при вршење на инспекцискиот надзор и одлучувањето за дејствијата кои треба да се превземат при вршење на надзорот, како и за мерките кои ќе бидат изречени по извршениот надзор;
- При вршење на инспекцискиот надзор, доколку постојат недостатоци, инспекторот ги превзема само оние инспекциски мерки согласно со закон, кои се неопходни за отстранување на утврдените недостатоци при извршениот надзор, при што особено се внимава да не се попречува ефикасното функционирање на субјектот на надзорот;
- Навремено вклучување на заинтересираните странки во постапката заради заштита на нивните права и интереси;
- Обезбедување на докази по службена должност заради водење на управната постапка;
- При определување на инспекциските мерки и рокот за отстранување на утврдените недостатоци, инспекторот се води од тежината на недостатокот, штетните последици предизвикани кон јавниот интерес или интересот на трети лица, како и времето кое е потребно субјектот на надзорот да ги отстрани утврдените недостатоци;
- При вршење на инспекцискиот надзор, инспекторот првенствено врши превентивна функција, а изрекува инспекциски мерки и санкции тогаш кога со превентивната функција не може да се обезбеди целта на надзорот.

## 2. АКТИВНОСТИ СО УТВРДЕНА ДИНАМИКА

Инспекторот со цел да ги реализираат поставените целите на програмата должен е:

- **да врши редовен инспекциски надзор** и тоа на:
  - Станбени, станбено-деловни и деловно –станбени згради и дали управувањето со истите се врши согласно законот за

домување и прописите донесени врз основа на овој закон, дали се почитуваат пропишаните норми и стандарди за домување и дали се уредени закупничките односи согласно истоимениот закон;

*Рок: континуирано јануари – декември 2024 година*

- **да врши други работи утврдени со Законот за домување и** тоа:
    - Востановување и водење на Регистар на станбени згради и станови и регистар на управители на станбени згради во Општина Штип;

  *Рок: јануари –декември 2024 година*

- **да врши контролни инспекциски надзори:** ќе се вршат за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

  *Рок: континуирано јануари – декември 2024 година*

- **да врши вонреден инспекциски надзор** и тоа: по поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица кога ќе согледааат неправилности согласно одредбите од Законот за домување и другите закони по кои постапува Овластенито инспектор за домување како и подзаконските акти кои произлегуваат од законите по кои постапува Овластениот инспектоор за домување.

- **да води управна постапка** и тоа: врз основа на инспекцискиот надзор составува записник и донесува решенија и заклучоци согласно одредбите од Законот за домување и другите закони по кои постапува Овластенито инспектор за домување, а во согласност со Законот за општа управна постапка.

  *Рок: континуирано јануари – декември 2024 година*

- **да поднесува барања за поведување на прекршочна постапка пред надлежен суд односно комисијата за прекршоци во органот на државната управа надлежен за работите од станбено-комуналната област** и тоа: согласно одредбите од Законот за домување, Закон за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка.

  *Рок: континуирано јануари – декември 2024 година*

- **да врши едукација** и тоа: согласно одредбите од Закон за домување.

  *Рок: континуирано јануари – декември 2024 година*

- **да поднесува жалби** и тоа: согласно одредбите од Закон за домување, Законот за општа управна постапка и Законот за прекршоци.

  *Рок: по потреба во текот на годината.*



*Општина Штип / Municipality of Stip*
*Vasil Glavinov, No 4b*
*2000 Stip, Macedonia*
*Tel/fax: ++389 32 226601*
*e-mail: ops@stip.gov.mk*
*www.stip.gov.mk*

## 3. СОРАБОТКА СО ОРГАНИ ПРИ ВРШЕЊЕ НА ИНСПЕКЦИСКИОТ НАДЗОР

При вршењето на инспекцискиот надзор Овластениот инспектоор за домување ќе соработува со:

- Органот на државната управа надлежен за работите од станбено-комуналната област;
- Други органи и стручни установи при водењето на управната постапка.

## 4. АНАЛИТИЧКО – ИНФОРМАТИВНА DEJНОСТ

- Изработка на План за инспекциски надзор на Овластениот инспектор за домување за 2025 година
  *(Рок на поднесување: најдоцна до 10.12.2024 год. )*
- Изработка на Предлог - Програма за работа на Овластениот инспектор за домување за 2025 година.
  *( Рок на поднесување: 20.12.2024 год.)*
- Изработка на Предлог - Извештај за работата на Овластениот инспектор за домување за 2024 година.
  *( Рок на поднесување: 20.02 2025 год. )*

## 5. ПЛАНИРАНО УЧЕСТВО НА РАБОТИЛНИЦИ, СЕМИНАРИ, ТРЕНИНЗИ И ДРУГИ ОБУКИ

- Стучни работилници, обуки, конференции за имплементација на одредбите од Закон за домување, Занокот за инспекциски надзор и Законот за општа управна постапка како и по донесените поздзаконски акти од споменатите закони посебно во делот на инспекцискиот надзор;
- Други активности од делокругот на работа на Овластениот инспектор за домување.